Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлука за намален број на деца во воспитно-образовната група во Објектот „Пинокио“ на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес за 2027 година

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за намален број на деца во воспитно-образовната група во Објектот „Пинокио“ на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ - Велес со бр.02-748/6 од 16.09.2026 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ Велес на седницата одржана на ден 16.09.2026 година.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На ден 21.09.2026 година, од страна на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес до Советот на Општина Велес, доставено е Барање со бр.09-3959/1 за давање согласност на Одлуката за намален број на деца во воспитно-образовната група во Објектот „Пинокио“ на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ - Велес со бр.02-748/6 од 16.09.2026 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ Велес на седницата одржана на ден 16.09.2026 година.

Согласно член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25): „По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, јавната детска градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член за што согласност дава основачот на установата“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-769/1
17.09. 2026 год.
В е л е с

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 21 -09- 2026
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
09 -	3959/1	2	

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 год.
Потпис,

До
Претседателот на Совет на Општина Велес

Предмет:Барање на согласности.

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви ги доставуваме Одлуките донесени на седницата на Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев" - Велес, одржана на ден 16.09.2026 година, на кои во согласност со член 64, став 5 и член 67, став 6 од Законот за заштита на децата, потребно е Советот на Општина Велес како основач на Установата да даде согласност, и тоа за:

-Одлука за поголем број на деца во воспитните групи на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес за 2027 година, со арх.бр.02-748/5 од 16.09.2026 година;

-Одлуката за намален број на деца во воспитно-образовната група во објектот 8 „Пинокио"-с.Караслари-Велес за 2027 година, со арх.бр.02-748/6 од 16.09.2026 година; и

-Предлог –Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес за 2027 година, со арх.бр.02-748/7 од 16.09.2026 година.

ВО ПРИЛОГ: Одлука за поголем број на деца во групите за 2027 година, Одлука за намален број на деца во Објектот 8 „Пинокио" во с.Караслари-Велес за 2027 година и Предлог –Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес за 2027 година.

Со почит,

Велес, 17.09.2026 година

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-748/6
16.09. 2026 год.
В е л е с

Врз основа на член 64 ст.5 од Законот за заштита на децата (Консолидиран текст) и член 14 ст.4 од Статутот, Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев"-Велес на својата седница одржана на ден 16.09.2026 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за намален број на деца во воспитно –образовната група во Објектот „Пинокио" на

ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес

Член 1

Со оваа одлука **СЕ УТВРДУВА** потребата, во групите кои функционираат во рамките на Објектот „Пинокио" во с.Караслари, а во состав на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес да има намален број на деца од утврдениот број во член 64 од Законот за заштита на децата .

Член 2

СЕ ПРЕДЛАГА, Советот на Општина Велес **ДА ДАДЕ СОГЛАСНОСТ**, групите со деца во Објектот „Пинокио"во с.Караслари, а функционираат во состав на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес да функционираат со намале број на деца, односно под нормативите утврдени во Законот за заштита на децата **за 2027 година.**

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување **и по добиената согласност од страна на Советот на Општина Велес.**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Поради вкупниот број на заинтересирани корисниците, односно родителите на децата за престој во Објектот „Пинокио"во с.Караслари во состав на ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес и расположливиот просторен капацитет , согласно ЗЗД потребна е согласност од Основачот на установата за бројот на децата во групите под нормативите утврдени во законот.

Заменик претседател на Управен одбор

Мери Перкова

Доставено до:

-Совет на ЕЛС

-архива